РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: говското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје
За:

УПП Бр. 03-15

Скопје 04.08.2023 г.

**Предмет: Известување за направен увид во програмата на ТВ Алфа по поднесена претставка од граѓанска организација од Скопје**

Почитувани,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка (наш бр. 03-15 од 11.07.2023 година) од граѓанска организација која се однесува на наводи за прекршување на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на забранетите дискриминаторски основи) на веб страната на ТВ Алфа и на наводниот Фејсбук профил на Телевизијата на кои биле објавувани прилози од Вести и едно издание на емисијата „За или против" емитувани на ТВ Алфа, а во кои според подносителот се *„содржани елементи на говор на омраза и ширење на раздор и нетрпеливост кон Република Бугарија, бугарскиот народ и Бугарите кои се граѓани на Република Северна Македонија".*

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема надлежност да врши надзор врз социјалните мрежи и веб страните на медиумите, но не ја отфрли Претставката туку по службена должност направи увид во програмата на радиодифузерот - Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.

- Притоа, идентификуваше дека дел од содржините од линковите од Претставката соодветствуваат на прилозите емитувани во централното издание на Вестите на ТВ Алфа во 17:30 во периодот од 3 мај до 21 јуни, како и на премиерното издание на актуелноинформативната емисија „За или против" од 12 мај 2023 година.

- Агенцијата ги прегледа прилозите на следните теми: „Со влез во Уставот влегуваат секаде: Бугарите ќе се вработуваат државно ќе ги има на МРТ"; „Новата бугарска ѕвезда - Христијан Пендиков стана бугарски државјанин"; „Нови обиди за бугарска асимилација: Контроверзниот Милан Врабевски донира десет пати повеќе од Пендаровски за млади македонски уметници"; „Уставни измени: Изедначување на Македонците и Албанците како народи, редење 5 малцинства, па Бугарите?"; „Протоколот со Бугарија крие многу повеќе од уставни измени"; „И македонската храна да ти била бугарска, Софија промовира 'Јазик на бугарската кујна'"; „Внесувањето на Бугарите во Уставот 'мириса' на Преспа – расте притисокот за нова отстапка"; „Бугарските амандмани против Македонија во ЕП, показател што нè чека за време на преговорите со ЕУ"; „Владата нема контрола кој финансира бугарска пропаганда во Македонија"; „Обиди за бугарска асимилација на Македонците: Бугарските провокатори се како 'Јеховини сведоци' во Мала Преспа"; и „Бугарија најде начин како да произведе нови, фиктивни Бугари", како и изданието на емисијата „За или против" емитувано на 12 мај 2023 година, реализирано како дебата со универзитетската професорка д-р Наташа Котлар

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

и аналитичарот и член на Македонски манифест Сотир Костов, модерирана од новинарката Елена Марковска Цветановска.

- Увидот во програмата на ТВ Алфа покажа дека **при известувањето во прилозите, ТВ Алфа е во рамки на слободата на медиумите да ги разгледуваат актуелните општествено-политички случувања од повеќе аспекти и да ѝ презентираат на јавноста ставови и мислења од широк спектар експерти и политичари. Во однос на содржината на емисијата „За или против" беше во рамки на правото на слобода на изразување и слобода на политичка дебата во медиумите.**

За повеќе детали, известувањето со наодите по Претставката е достапно на веб сајтот на Агенцијата www.avmu.mk.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**по овластување на директорот**

**---------------------------------------------------**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**